РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр. 03-233/2
15.04 2013 год.
Велес

Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Мелничко пекарска индустрија
„ЖИТО КАРАОРМАН" АД
Бр. 08 - 109
22.04 2013 год.
КИЧЕВО

Улица:„Петре Прличков" 42, 1400 Велес
Address: "Petre Prličkov" 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk

Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 15.04.2013 година помеѓу:
1.**Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Петре Прличков" бр.42 Велес, претставуван од ВД Деканот доц. д-р Валентина Павлова и
2.**МПИ Жито Караорман Кичево**, со седиште на ул.„Индустриска" бр.44 Кичево претставувана од Директорот Сретен Миладиноски.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-техничкиот факултет Велес и МПИ Жито Караорман Кичево, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи на студентите од I (прв) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот МПИ Жито Караорман Кичево се обврзува за потребите на студентите од I (прв) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес-дисперзирани студии Кичево, да овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, навремено да го известува договарачот МПИ Жито Караорман Кичево.

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот МПИ Жито Караорман Кичево на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Д о г о в о р н и   с т р а н и**

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **МПИ Жито Караорман Кичево** |
| **ВД Д е к а н** | **Д и р е к т о р** |
| **Доц. д-р Валентина Павлова** | **Проф. д-р. Сретен Миладиноски** |